# ЗАДАЧИ ОД ОТВОРЕН ТИП ВО НАСТАВАТА ПО МАТЕМАТИКА

*Даниела Стојановска* [1]

[1] *ООУ„Христијан Карпош“, Куманово*

e-mail: dani_hrst@yahoo.com

Современата настава е процес ориентиран кон оспособување на учениците за истражување на различни начини на разрешување на проблем, односно решавање на една задача. За моделирање на овој процес од особено значење е изборот на задачи со кои наставникот ќе ги унапредува математичките способности и креативното мислење на учениците.

Решавањето задачи од отворен тип е наставна стратегија која ги мотивира и стимулира учениците за креативни математички активности, ги поттикнува на комуникација, интерпретација и кон пошироко гледање на поставениот проблем.

Во предавањето ќе бидат дадени примери на задачи од отворен тип, задачи со повеќе начини на решавање, односно задачи со кои се нагласува процесот на решавање на проблемот, за сметка на самото решение.